# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТ/КА ЗА ФАСИЛИТАЦИЈА НА ДВОДНЕВНА РАБОТИЛНИЦА ЗА РАЗВОЈ НА ПАРТНЕРСКА РАМКА ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ

### 1. Објавувач на повикот

Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје, на ден **13.02.2026 година**, објавува **Јавен повик за избор на експерт/ка за фасилитација на дводневна работилница за развој на партнерска рамка за соработка** помеѓу даватели на услуги од областа на сексуалното и репродуктивно здравје, правната и социјалната заштита и овоможување прифатилиште за згрижување за лица кои преживеале сексуално насилство, експлоатација или трговија во луѓе.

Овој ангажман се реализира во рамки на проектот „**Самоидентификувани сексуални работници во борба против сексуалното насилство и трговијата со жени и девојки**“, поддржан од UN Trust Fund to End Violence against Women. Крајната цел на проектот е самоидентификуваните сексуални работници во Северна Македонија кои се жртви на или се изложени на ризик од сексуално насилство, експлоатација и трговија со луѓе, да имаат поголема слобода на дејствување, безбедност и пристап до правда.

**Повеќе за проектот може да прочитате на следниов линк:**
Самоидентификуваните сексуални работнички во борба против сексуалното насилство и трговијата со жени и девојки

### 2. Цел на ангажманот

Целта на ангажманот е ангажирање експерт/ка кој ќе дизајнира и води структуриран и инклузивен дводневен процес помеѓу учесниците, со цел да се развие и усогласи рамка за соработка и заедничко дејствување, преку јасно дефинирање на улоги, одговорности, приоритети и стратегии, како и воспоставување механизми за координација и усогласено делување помеѓу давателите на сервиси.

### 3. Опис на задачите

Експертот/ката ќе биде одговорен/а за:

1. Спроведување подготвителни консултации со нарачателот за да ги разбере очекувањата, потребите и приоритетите за организирање на дводневната работилница;

2. Изработка на детална агенда и методологија за дводневната работилница во координација со нарачателот;
3. Подготовка на материјали за работа на работилницата;
4. Фасилитација на структуриран дводневен процес со вклученост на сите учесници/партнери, кој ќе резултира со договорена заедничка рамка за дејствување и координирано делување во обезбедување на услуги;
5. Развој на патоказ (Roadmap) за соработка и дејствување (кој, што, како). Патоказот ќе служи како практичен и оперативен документ за усогласено дејствување помеѓу давателите на услуги и основа за следење на имплементацијата и понатамошно унапредување на соработката.
6. Спроведување кратка евалуација од работната средба и изготвување финален извештај со препораки за следни чекори.

## 4. Период на реализација

Ангажманот ќе се реализира во периодот **од 09.03.2026 до 17.03.2026 година**, со вкупно предвидени **4 работни дена** за консултации, развој на материјали, фасилитација и испорака на финален извештај. Избраниот/а експерт/ка треба да биде во можност да ја фасилитира работната средба во однапред утврден датум 11.03.2026 - 13.03.2026 г. на локација која ќе ја одреди нарачателот.

## 5. Финансиска понуда

Кандидат(к)ите, за ангажманот треба да достават финансиска понуда во бруто износ, изразена во американски долари (USD).

## 6. Критериуми за избор

- Искуство во фасилитациски процеси, развој на стратегии, развој на партнерства и рамки за соработка и координација;
- Искуство во раководење со проектен менаџмент и работа во граѓански сектор, вклучително координација и работа со партнери и засегнати страни;
- Комуникациски и медијаторски способности за ефективна комуникација и управување со групна динамика;
- Квалитет на предлог програма и методологија за работа;
- Економски најповолна понуда.

**Предност ќе имаат кандидати со:**

- Искуство со работа и/или познавање на правата и потребите на сексуалните работници/чки и други маргинализирани заедници во Република Северна Македонија.

## 7. Склучување договор

Здружението ќе именува комисија за евалуација и изборнајдоцна во рок од 3 (три) работни дена по завршување на повикот. Со избраниот/ата експерт/ка, здружението ќе склучи договор за повремен ангажман. Условите за ангажманот ќе бидат дополнително усогласени во договор помеѓу двете страни. Доколку комисијата не спроведе избор, јавниот повик може да биде продолжен.

## 8. Потребни документи за аплицирање

- Мотивациско писмо со опис на релеватно искуство во фасилитациски процеси, развој на стратегии, развој на партнерства и рамки за соработка и координација;
- Професионална биографија (CV);
- Предлог програма и методологија за подготовка и фасилитација на дводневната средба;
- Финансиска понуда изразена во бруто износ во американски долари.

## 9. Начин и рок за аплицирање

Документите треба да се достават со назнака:
**„Јавен повик за избор на експерт/ка за фасилитација на дводневна работилница за развој на партнерска рамка за соработка“** на следната електронска адреса: star.contact@yahoo.com

Краен рок за аплицирање: **19.02.2026 година,17:00 часот**.
Нецелосни апликации и пријави доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат. Избраниот кандидат/ка ќе биде известен/а по електронски пат, најдоцна до **24.02.2026** година.